# МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО



**ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ**

***ЦЕНТАР ЗА СУДСКА ПСИХИЈАТРИЈА***

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПСИХИЈАТРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**


# ЗБОРНИК НА РЕЗИМЕА

## ПРВ МАКЕДОНСКИ СИМПОЗИУМ ПО СУДСКА ПСИХИЈАТРИЈА

***Охрид, 12-14 Јуни 1997***


| Мак мед преглед | 51:(Суплемент 27) | Стр. 1-40 | Скопје | 1997 |
|---|---|---|---|---|

На лекарската комисија се упатуваат со се потешки дијагнози: психозис маниако-депресива, параноидно халуцинаторен синдром, шизофренија, психопатија и други.

Поради добивање различни наоди од повеќе неуропсихијатри за ист пациент, а не е под стално следење и опсервација на избран психијатар за објективен заклучок, лекарската комисија е принудена да арбитрира. Инсистирањето да се хоспитализира поради сериозноста на дијагнозата заради тимска стационарна обсервација и доктринарен заклучок и прогноза, наидуваме на неверојатен одпор кај пациентите и амбулантските специјалисти што доведува до дубиози.

## 25 НАМАЛЕНА И БИТНО НАМАЛЕНА ПРЕСМЕТЛИВОСТ ВО СУДСКО-ПСИХИЈАТРИСКИТЕ ВЕШТАЧЕЊА

*Д-р Џорлев А. ; Џоневска Л., психолог*
ЈЗО Медицински центар - Штип

Авторите изнесуваат некои размислувања околу проблемите што настануваат околу дефинирањето на термините - намалена пресметливост и битно намалена пресметливост при судско психијатриските вештачења.

Иако член 12 од Кривичниот закон не предвидува дека лицето при извршувањето на кривичното дело може да биде со намалена пресметливост но не до битен степен (не битно), сепак во праксата се повеќе се среќаваме со ситуации каде овој термин би бил најадекватен и најмногу би одговорал на вистината.

Мислиме дека со оваа одредба на Кривичниот закон стеснет е првенствено психијатарот, а делумно и правникот во својата судница.

## 26 ОДМЕНА НА МЕРКАТА НА БЕЗБЕДНОСТ

*Проф. д-р Кировски П. д-р; Златков А.; д-р Хаџи-Ангелковски Г.*
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

Авторите во својот труд прават преглед на форензичката популација со изречена мерка на безбедност на оделот за судска психијатрија во психијатриската Болница - Скопје во периодот 1990-1995 година.

Во трудот се опфатени следните параметри:возраста на пациентите, стореното кривично дело, експертизата над пациентот и факторите кои влијаеле врз донесувањето на дијагнозата и мнението во заклучокот, времето на престој и времето на одменување на мерката.

Посебен осврт и акцент е даден на можноста на одмена на мерката за безбедност која како институција му е овозможена на располагање на форензичкиот пациент, нејзината искористеност и правилна примена.

## 27 МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ ОД МЕДИЦИНСКИ ( КУРАТИВЕН ) КАРАКТЕР

*Доц. Каневче М.*
Правен факултет - Скопје

Во трудот ќе бидат обработени особено следниве аспекти:

- природата на мерките на безбедност Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и Задолжително лекување на слобода;
- законски услови за изрекување на мерките за безбедност од медицински карактер;
- проблеми и дилеми сврзани со изрекувањето и извршувањето на овие мерки на безбедност во практиката;
- правната сигурност на лицата за кои доаѓа предвид изрекувањето на овие мерки;
- дали мерките на безбедност од медицински карактер треба и натаму да фигурираат во регистарот на казнените санкции.

## 28 СУДСКО-ПСИХИЈАТРИСКИ ВЕШТАЧЕЊА И ИЗРЕЧЕНИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА ДЕМИР ХИСАР ВО ПЕРИОДОТ ОД 1990/96 Г

*Д-р Филов И.; д-р Талевска В.*
Болница за душевни болести
Демир Хисар

Бројот на судско-психијатриските вештачења е во пораст во последните години. Во психијатриската болница - Демир Хисар во период од 1990-1996 г. упатено е вкупно на судско психијатриски вештачења 75 пациенти.

Од вкупниот број на вештачени (75) потполно непресметливи биле 5 (6,6%), битно намалена

пресметливост 21 (27,8%), со намалена пресметливост 17 (22,6%), пресметливи 5 (6,6%), трајно деловно неспособни 26 (34,1%) и привремено деловно неспособни.

Потоа уочливо е дека бројот на прекршителите меѓу мажите е многу поголем, дека најголем дел од експертизите се правени за одредување на работна способност 27 (36%), кражби 19 (25,3%), Sch е дијагноза на прво место 30 (40%). Извршителите се преку 50 г. (25.3%-19, а по социјална застапеност 18 (24%)- најмногу се особи без занимање.

## 29 МЕРКА НА БЕЗБЕДНОСТ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

*Бојаџиевска М.*, судија - Скопје

Во судската постапка кога сторителите се уживатели на психотропни супстанции.

Со истите дали да се оди на казнување во смисла на одредбите на КЗ, или кумулативно затворска казна со мерка за безбедност, или исклучиво мерка на безбедност, каква од каков тип и каква институција.

## 30 ПАРАНОЈА И ПРЕСМЕТЛИВОСТ

*Проф. д-р Чадловски Ѓ.*
Клиника за психијатрија -
Клинички центар - Скопје

Меѓу параноидните состојби кои се сретнуваат како душевни растројства кај субјекти кај кои се поставува прашањето за пресметливост или деловна способност, паранојата, се чини дека прави повеќе дилеми, сомнежи или пак нејаснотии, и покрај тоа што како душевно растројство била позната од многу поодамна.

Комплексноста на проблемот како да се зголемува и со фактот што десетата ревизија на меѓународната класификација не ја дефинира како посебен нозолошки ентитет, како што беше досега, туку ја вклопува во групата на перзистентни налудничави растројства, заедно со параноидната психоза и парафренијата (F 22.0).

Во трудот се коментираат некои специфичности во однос на пресметливоста и деловната способност на параноичните состојби и честите дилеми не само на правниците туку и на психијатрите.

## 31 ПСИХИЈАТРИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ НА УБИСТВО ВО АФЕКТ

*Стр. сор. д-р Даневски Г.*
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

На почетокот на овој труд се поставува прашање за разграничување на компентенциите во однос на проценката на психичката состојба во целост и мотивацијата посебно: правник или психијсатар?

Потребно е да се свати да кај убиство во афект е надминато времето на насочување на напорите за утврдување на "фактичката состојба" и "материјалната вистина" и да мораме повеќе да се осврнеме на личноста на сторителот и неговата свесна и несвесна мотивација за извршување на делото, но и комплетниот склоп од ендогени и егзогени фактори кои во дадениот момент и префд тоа имале свое влијание. Некој не може да негира дека психијатарот во разбирањето и анализата на свесните и несвесните психички процеси во човекот сепак е постручен и од правникот без разлика колку тие процеси на прв поглед изгледаат многу едноставни. Според тоа, соработката би требало да ги спојува правниците и психијатрите, се во духот на синергизмот а не антагонизам и некакво ривалско ограничување на компетенциите.

## 32 ФОРЕНЗИЧКИ АСПЕКТИ НА ДЛАБИНСКАТА РАЗВОЈНАТА ПСИХОЛОГИЈА

*Д-р Симоновски Н.;*
*д-р Хаџи-Ангелковски Ѓ.;*
*д-р Арсовска С.; д-р Манчевски Б.*
Психијатриска болница "Скопје" - Скопје

Длабинската развојна психологија (синоними:метапсихологија, Его-психологија, динамски ориентирана психијатрија) како една од главните цели на своето иследување ја има несвесната мотивација на личноста и Его како централен орган на личноста во контролата, селектирањето и канализирањето на овие несвесни содржини.

Во кои домени на форензичката психијатрија се наоѓа апликацијата на оваа дисциплина, според некои автори спекулативна и недоволно емпириски потврдена?

Во трудот се разгледани повеќе вакви можности:

- иследување на личноста подложна на криминал во нејзиниот развоен период со своите семејни и средински фактори,